Врз основа на член 54 став (1) точка 2. потточка 2.14, член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2, а во врска со член 165 став (4) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 април 2026 година донесе

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 12 - 518/2
23.04 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**О Д Л У К А**

**за одобрување на План за развој на електродистрибутивниот систем за период 2026-2030 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија**

1. Со оваа одлука се одобрува Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период 2026-2030 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија.
2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија, Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период 2026-2030 година од точка 1 на оваа одлука да го објави на својата веб страна.
3. Оваа одлука се доставува до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 54 став (1) точка 2. потточка 2.14 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) одобрува петгодишни планови за развој на системите за дистрибуција со електрична енергија и гас.

Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2 од Законот за енергетика* Регулаторната комисија за енергетика одобрува, правила, планови и програми донесени од соодветните оператори.

Согласно член 165 став (3) од Законот за енергетка* операторот на електродистрибутивниот систем, најдоцна на 1 октомври во годината во која се донесува планот, започнува постапка за усогласување на предлогот на планот со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во однос на потребните проширувања и надградби на електродистрибутивниот систем заради можности за изградба на нови капацитети за производство на електрична енергија од обновливи извори и остварување на националните цели и индикативната траекторија за обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност, намалување на емисиите на стакленички гасови и зголемување на сигурноста во снабдувањето со електрична енергија, која завршува најдоцна до 25 октомври. Понатаму, во ставот (4) од истиот член е уредно дека по завршувањето на постапката за усогласување од ставот (3) на овој член, операторот на електродистрибутивниот систем спроведува консултации во однос на планот за развој на системот со корисниците на електродистрибутивната мрежа и со операторот на електропреносниот систем и планот заедно со резултатите од консултациите најдоцна до 15 ноември го доставува на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија (во понатамошниот текст: Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје), со допис бр. 20-2768/1 од 13 ноември 2025 година, заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-2102/1 од 13 ноември 2025 година, го достави на одобрување Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период 2026 – 2030 година (во понатамошниот текст: План за развој).

Регулаторната комисија за енергетика со допис бр. 12-2102/2 од 17 ноември 2026 година укажа дека имајќи го предвид временскиот период на донесување на Законот за енергетика*, како и роковите од

член 299 од Законот за енергетика* за донесување на годишните планови за изградба на енергетски објекти за 2025 година, односно за 2026 година, а поконкретно член 165 став (4) од Законот за енергетика*, потребно е да се спроведе јавна расправа за Планот за развој.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје одржа јавна расправа на 9 декември 2025 година. По одржување на јавната расправа и претходно доставениот допис од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Регулаторната комисија за енергетика на 22 декември 2025 година достави допис бр. 12-2102/4 со свои предлози, коментари и сугестии на Планот за развој. Во однос на дадените забелешки и сугестии Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави по електронски пат нов План за развој на електродистрибутивниот систем за период 2026-2030 година на 5 февруари 2026 година, по што на 5 март 2026 година се одржа заеднички работен состанок во просториите на Регулаторната комисија за енергетика со претставници од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје на којшто се дискутираа забелешките и начинот на нивно вклучување во текстот.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини до Регулаторната комисија за енергетика достави Мислење бр. 08-6061/1 од 19 декември 2025 година по Планот за развој заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-2102/3 од 22 декември 2025 година.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со допис бр.20-933/1 од 2 април 2026 година, заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-518/1 од 2 април 2026 година, достави на одобрување ажуриран План за развој и Одлука за донесување на Планот за развој бр. 02-921/2-1 од 1 април 2026 година.

Согласно член 165 став (5) од Законот за енергетика*, операторот на електродистрибутивниот систем секоја година подготвува едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за потрошувачката на електрична енергија за електродистрибутивниот систем со кој управува и најдоцна до 31 октомври ги доставува до Министерството и Регулаторната комисија за енергетика, на одобрување. Понатаму во ставот (6) од истиот член е уредено дека операторот на електродистрибутивниот систем, за секој регулиран период, изработува план за инвестирање во електродистрибутивниот систем, усогласен со планот за развој и го доставува за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика. Имајќи ги предвид овие одредби Регулаторната комисија за енергетика по доставување на законски предвидените документи ќе спроведе дополнителни анализи пред одобрување на истите.

Согласно член 164 став (1) точка 26 од Законот за енергетика*, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика да донесе план за намалување на загубите. Оттука, Регулаторната комисија за енергетика по доставување на предметниот план ќе спроведе дополнителни анализи пред одобрување на истиот.

На 23 април 2026 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која го разгледа и одобри Планот за развој на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Скопје, кој што е во прилог на оваа одлука.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-518/2**
**23 април 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

**Прилог:**

- План за развојна електродистрибутивната мрежа за период 2026-2030 година на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје бр.20-933/1 од 2 април 2026 година